Товарот на вистината

Далибор Трајков

САКАМ КНИГИ

1

ЧЕТВРТОК, 31 октомври 2024

„Ало?“

Поминаа неколку секунди, но од другата страна на слушалката никој не прозбори. Се слушаше само тешко испрекинато дишење.

„Ало!?“ Овој пат нервозно подвикна Ружица.

Изброја до три и силно ја спушти слушалката.

„Оди во бестрага!“ налутено му го сврти грбот на телефонот. „Уфф... проклетство!“ почна самата да се обвинува за постоењето на фиксната телефонска линија. Но таа настојуваше телефонот да остане таму, на резбаната полица помеѓу кујната и дневната.

Веле неколкупати ѝ предложи да ја откажат, но таа не сакаше ни да слушне иако одамна веќе никој не ѝ се јавуваше преку неа.

„Декоративен е“, беше единствениот нејзин одговор.

Но вистината беше сосема друга. Таа очекуваше повик.

И Веле го знаеше тоа.

Веќе беше тргната кон креветот за да се испружи повторно, кога телефонот пак зазвони.

Застана среде соба. Срцето почна забрзано да ѝ чука. За миг се врати кај телефонот и ја подигна слушалката.

„Ало!?“ издиша со полускршен глас. Сега беше решена дека нема да брои, нема да дозволи некој да си поигрува со неа дишејќи ѝ во слушалката.

„Ало... Ружица?!“ се слушна развлечен и тивок женски глас. Гласот одвај допираше до увото на Ружица.

„Да, повелете! Ружица е на телефон“, се обиде да звучи смирено, но гласот ѝ трепереше. Сè уште беше бесна.

„Мамо...“

Во тој миг, времето престана да постои за Ружица. Шест месеци поминати во молк, во чекање и во бесконечна надеж се претворија во едно испрекинато дишење.

Гласот што никогаш не го заборави, гласот што секоја вечер си го замислуваше сега навистина го слушаше.

„Та...марааа...“, прошепоти, а колената ѝ се стресоа. Телото ѝ трепереше, но со десната рака цврсто ја држеше слушалката. Како ова да беше последен обид за да ја задржи реалноста што ѝ се лизгаше низ прстите.

„Таамарааа...“, прошепоти уште еднаш, но гласот ѝ се скрши. Мешавина од неизмерна радост и страв се издигнаа како бран од неочекувана топлина што силно ја потопи. Срцето почна забрзано да ѝ чука, а телото неконтролирано да ѝ се тресе. Цврсто ја стегаше слушалката, небаре тоа беше последната нераскинлива врска со ќерка ѝ.

Светот околу неа го снема. Времето застана. Ништо друго веќе не ѝ беше важно. Во тој момент постоеја само таа и гласот на Тамара. Тие два гласа, еден од минатото и еден од сегашноста, се допреа и создадоа мост над шестмесечната празнина. Не беше моќна да ги задржи насобраните солзи во очите, но сè уште цврсто се држеше за слушалката свесна дека всушност таа повторно ја поврза со изгубената ќерка по цели шест месеци.

Ја преплави длабоко чувство на радост и олеснување. Но многу набрзо со него се измешаа и чувствата на страв и неверување, дотолку што ѝ ја одзедоа сета сила. Ружица се онесвести.

„Мамо! Мамооо!“ гласот на девојката стануваше сè посилен и порастреперен, но од другата страна на слушалката немаше никаков одговор.

Не се работеше за никакво одвлекување на вниманието, ниту пак за технички прекин. Едноставно, Ружица не беше во состојба за да ја слушне.

Секое ново „мамо“ лебдеше во празнината.

2

ПЕТОК, 1 ноември

Полициската станица се издигаше како студен сив блок од бетон зад чии прозорци светлото секогаш беше или премногу силно или премногу слабо. Над влезната врата се наоѓаше избледениот грб на Министерството за внатрешни работи, а под него натписот на полициската станица Гази Баба кој одамна ја имаше изгубено бојата.

За Ружица, тоа место не претставуваше симбол на ред, туку симбол на чекање. Тоа беше местото каде што на своите прашања и молби не добиваше никаков одговор, место каде што постојано ја пречекуваше необјаснива тишина. А полицискиот молк само ја продлабочуваше нејзината болка.

Застана пред станицата и стоеше простум неколку минути, но всушност како таму да стоеше нејзината сенка. Облеката ѝ висеше на телото како на закачалка. Старото палто што порано целосно го исполнуваше, сега од големата ширина изгледаше како товар на неа. Пред да тргне, набрзина ја собра русата коса во неуредна пунџа, незаинтересирана да ги прибере прамените што ѝ паѓаа на челото. Овој пат ја изостави и дискретната шминка, воопшто не обрнувајќи внимание на бледото лице со темни и длабоки подочници. Изгледаше многу постаро од порано, од времето пред да исчезне Тамара. Зглобовите на слабите раце ѝ се истакнуваа од стисокот на дланките. Во десната дланка го држеше омилениот сребрен приврзок на ќерка ѝ, на чија предна страна беше изгравирано нејзиното име.

Незабележливо стигна дотука, иако во последно време многу ретко излегуваше од дома. Веќе престана да се

надева дека на некоја улица ќе се појави Тамара, а таа ќе ѝ помогне да се врати дома. Како одминуваа деновите, така Ружица се распаѓаше, губејќи ја надежта дека еден ден повторно ќе ја види ќерка си.

Но сега беше обземена од едно поинакво чувство, надежта повторно се разгори во неа. Очите ѝ беа полни со жар со кој чиниш беше спремна да запали сè околу себе, ако тоа беше потребно. А, таа имаше само една потреба – да се пронајде Тамара. Немаше шанси да дозволи некој да ја разубеди дека доцна синоќа на фиксниот телефон не го слушна нејзиниот глас.

Штом ја помина стаклената врата, воздухот од полициската станица ја пресече како ладен здив. Ѕвонењето на телефоните и силното удирање по компјутерската тастатура од пријавницата ѝ звучеа мошне познато. Речиси секојпат ги слушаше истите звуци, како што ги гледаше и несреќните лица на странките во ходникот кои чекаа да бидат сослушани. Некои беа дојдени своеволно, како оштетени кои бараа да се задоволи правдата, а други пак ги држеа во раце писмените покани и тонеа во исчекување да дознаат дали нивното противзаконско дејство е разоткриено.

Но без разлика дали беа оштетени или осомничени, ниту еден од нив ја немаше истата мака што ја имаше Ружица.

Двапати силно тропна на малиот стаклен отвор. Делуваше нервозно во очите на останатите присутни во ходникот, а и како не би била кога човекот од другата страна на стаклото веќе триесетина секунди не ја подигнуваше главата. Се мачеше трагајќи по буквите на тастатурата. Очилата со широката рамка повеќе изгледаа како да му го отежнуваат видот отколку да му помагаат да го напише текстот.

Сè уште не е отиден во пензија, Ружица го препозна.

Зад старото биро, изгризано по рабовите, седеше стариот полицаец со седа коса. Иако очите му беа преморени и одвај гледаше, веднаш ја препозна. Прилично се вознемири од нејзиното присуство. Најпрво стана од столот, се

исправи, па потоа се подаде нанапред и го поттурна стаклениот отвор.

„Госпоѓо Калајџиева...“, звучеше несигурно. Не знаеше дали да продолжи да ѝ се обраќа официјално или пак со сочувствителност, како што всушност и најчесто разговараше со неа, не криејќи ја својата жал за исчезнатата девојка за која впрочем и тој, како и останатите колеги веруваше дека веќе е мртва.

Ружица не го поздрави. Погледот ѝ беше рамнодушен. „Сакам да се видам со инспекторот по потраги!“

Полицаецот кимна бавно, па ги спушти пенкалото и листот хартија кои во меѓувреме ги зеде во рацете. „Нови информации?!“

„Или стари, кои сите вие ги игнорираврте?“ бесот, насобран поради незадоволството од полициското работење, неправедно го истури врз оној којшто најмалку го заслужуваше тоа.

Немаше намера да ѝ противречи. Всушност, веќе беше отрпнат на критиките од незадоволните странки, иако понекогаш неоправдано го критикуваа полициското работење. Ја крена слушалката на еден од телефоните и шепотејќи му го соопшти на надлежниот инспектор присуството на Ружица. Откако ја спушти слушалката, се сврти кон неа.

„Инспекторот ќе Ве прими за кратко“, нејзиниот досегашен однос му укажуваше дека треба да биде учтив и официјален кон неа. „Седнете, Ве молам!“

Движејќи се наназад, таа само се повлече неколку чекори. Немаше намера да седне на ниту едно од двете празни столчиња, ниту пак да се помести од видикот на полицаецот кој седеше во пријавницата. Беше нестрплива и сакаше што побрзо да разговара со инспекторот по потраги.

3

По којзнае кој пат Ружица повторно се качуваше по истите скали држејќи се за истата ограда покриена со стар дрвен потпирач. Од денот кога почна да доаѓа во полициската станица се немаше случено да помине толку време колку што помина од нејзиното последно качување по овие скали до денес.

Како одминуваше времето, така таа и нејзиниот сопруг ја губеа довербата во полициската потрага по нејзината ќерка. Стресот што ѝ го предизвика копнежот по Тамара, не ѝ ја намалуваше способноста да им ги прочита намерите на соговорниците со кои се среќаваше во полициската станица. Очигледно беше дека веќе се подигна белото знаеме за нивниот случај. При секоја наредна средба полициските службеници сè почесто ги креваа рамената и секогаш ја кажуваа истата фраза: 'Преземаме сè што е во наша моќ'. Ружица не веруваше дека преземаат доволно активности за да ја пронајдат Тамара. Таа сметаше дека тие имаат доволно ресурси и овластувања да ја прегледаат секоја педа од земјата и да ја пронајдат и спасат ќерка ѝ од тој што ја грабнал. Како мајка, таа никако не сакаше да помисли дека Тамара е почината и фрлена или закопана некаде за да не биде пронајдена никогаш, а камоли да го изговори тоа.

Денес, кога повторно беше дојдена да бара помош од полициските службеници, планираше да ги обвини дека неоправдано пред време ја откажале потрагата по нејзината ќерка и да ги натера, како нејзини должници, што е

можно побрзо да интервенираат за да го откријат, а воедно и да го лоцираат телефонскиот број од којшто го прими повикот, а за кој беше убедена дека е од Тамара.

Канцеларијата со број 39 беше единствената просторија во којашто како странка ја примаше инспекторот по потраги. Но веќе поминаа два месеци откако немаше влезено во таа канцеларија. Порано, одвреме-навреме ќе дојдеше кај инспекторот Јоаким за да праша дали има новости во потрагата по Тамара, но откако тој се пензионира целосно ја изгуби надежта дека некој друг од полициската станица ќе се обиде да ѝ помогне. Тотално се разочара кога на Фејсбук ги виде фотографиите од прославата по повод неговото пензионирање.

Во полициската станица сè беше исто, ништо се немаше променето, но Ружица не беше истата. Оттогаш, па досега, таа беше премалена, ослабена дури до точка на кршење, со кожа затегната преку јаболчиците и празен поглед од кој се назираше само сенката од нејзината некогашна сила. Косата ѝ беше разлетана. Од поодамна, воопшто немаше посветено внимание на личниот изглед. Тоа, исто како и сè друго во нејзиниот живот беше ставено во заден план или подобро кажано, заборавено. Во живот ја одржуваше само помислата дека еден ден повторно ќе го слушне гласот на Тамара и ќе ја прегрне силно, исто како што правеше секој ден при нивната прва средба. Беше убедена дека една од желбите синоќа ѝ се оствари, таа го слушна гласот на Тамара. Според неа се потврди она во коешто само таа веруваше, дека ќерка ѝ е жива.

Силно затропа на вратата, како никогаш досега. За разлика од претходно, сега таа носеше добри вести, вести кои несомнено ќе бидат доволни за да се дигне на нозе македонската полиција, па дури и целата јавност, која заситена од секојдневната црна хроника како да заборави на трите девојки кои последователно исчезнаа пред шест месеци.

„Да!“ одекна машкиот глас од другата страна на вратата.

Ружица беше нестрплива. Не почека да слушне второ одобрување, веднаш ја отвори вратата. Набрзина ја заобиколи со погледот добро познатата канцеларија. Буквално ништо не беше сменето, сè си стоеше на истото место како и претходно, само што од спротивната страна, зад бирото седеше друг инспектор, многу помлад од Јоаким. Постојано насолзените очи одамна ѝ гледаа матно, па не можеше да ги забележи побелените ѕидови и среднениот изглед на бирото. Јоаким беше добар инспектор, тоа можеа да го потврдат сите што го познаваа и соработуваа со него, но воопшто не беше уреден. Неговата канцеларија секогаш беше во хаос, а него беше вистинска реткост да не го видиш со цигара во устата или во раката. И бидејќи беше сам во канцеларијата, инспекторите - пушачи најчесто се собираа кај него.

„Добар ден“, Ружица го поздрави младиот инспектор движејќи се кон столот на којшто обично седнуваше.

„Добар ден, госпоѓо, повелете!“ учтиво и срдечно ѝ се обрати инспекторот, кој во очите на Ружица изгледаше премногу младо за да се носи со функцијата инспектор по потражна дејност. Низ главата ѝ проструи помислата како овој толку млад, неискусен човек ќе трага по нејзиното единствено чедо, но мигум ја избрка.

Стефан имаше дваесет и осум години и веќе петгодишно работно искуство. Имаше среќа, се вработи во полиција веднаш по дипломирањето. За тоа, барем делумно, беше заслужна една несреќа што засекогаш му го смени животот.

Неколку години претходно ја изгуби сестра му во сообраќајна несреќа. Ударот беше преголем за семејството. За кратко време, прво почина татко му, а по неколку месеци и мајка му. Болката како да ги зеде еден по друг.

Тогаш Стефан остана сам да живее во семејната куќа во населбата Ченто.

Неколку луѓе од полицијата, пријатели на неговиот татко, не останаа рамнодушни. Му помогнаа колку што можеа, со препорака, со збор кажан на вистинското место.

Така покажаа знак на човечка солидарност кон момче што преку ноќ остана без семејство.

Стефан никогаш не го заборави тоа. Затоа и оваа работа за него никогаш не беше само работа.

Ружица набрзина се смести во столот којшто се наоѓаше точно наспроти него. „Јас дојдов поради ќерка ми“, со длабока воздишка му одговори, оставајќи ја малата чанта на ниската маса пред неа.

„Знам дека сте дојдена поради Вашата ќерка, ми кажа колегата од пријавница што разговарал со Вас“.

Неговата искреноста и милниот поглед веднаш ја купија довербата на Ружица.

„Тамара Калајџиева е мојата ќерка...“ Очекуваше реакција од инспекторот, но тој исто како од првиот момент, немо ја гледаше со интерес таа да продолжи да зборува.

„Таа е исчезната... од трети мај. Најверојатно е грабната“, му го кажа и нему она во коешто веруваше уште од првиот ден кога Тамара не се врати дома.

„Знам за нејзиното исчезнување“, конечно ѝ одговори.

До пред два месеци Стефан беше полицаец и сигурно немаше да стане инспектор доколку Јоаким не отидеше во пензија или уште помалку, доколку некој друг се пријавеше на интерниот оглас во МВР за работното место инспектор по потраги. Негова среќа беше тоа што никој не конкурира за инспекторското место кое до неодамна беше на јавна критика поради непронаоѓањето на исчезнатата девојка. Стефан беше свесен дека во рацете зема жежок костен, но не постоеше друг начин да биде унапреден и да добие работно место со високо образование. Поминаа пет години откако заврши Правен факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и беше еден од најдобрите студенти. Залудни му беа сите обиди. Се пријавуваше и на други интерни огласи, но за сите однапред беше договорено кој ќе биде избран. Тоа не беше случај само со огласот за инспектор по потраги. Кога му беше врачено решението, тој не можеше да поверува што му се случи.

Началникот го препозна изразот на неговото лице и затоа му напомена дека не треба да биде изненаден за унапредувањето, напротив изненадено било раководството на полициската станица што некој воопшто конкурирал и се нафатил да го заземе можеби најнеблагодарното работно место во органот.

„Јас сакам да се видам со новиот инспектор по потраги. Знам дека Јоаким повеќе не е тука, замина во пензија“, бараше младиот инспектор да ѝ потврди дека тој е замената на Јоаким.

„Сега јас сум инспектор по потраги“, гордо и со блага насмевка ѝ одговори. „Моето име е Стефан.“

„Повеќепати сум седела тука. Претходниот инспектор, Јоаким... беше трпелив“, гласот почна да ѝ се стега. „Тој не направи ништо...“, за момент се сети дека звучи напаѓачки кон неговиот претходник. „Или пак, тоа што го направи не беше доволно за да се најде моето дете.“

Уште првиот ден, веднаш штом се смести во канцеларијата, Стефан ги извади досието за исчезнатата девојка. Од дебелината на изготвениот службен материјал не беше можно папката на досието да се затвори. Внимателно ја отвори и разгледа. За исчезнувањето сакаше да дознае по нешто плус од она што дотогаш го знаеше тој како и останатите полицајци. Со оглед на тоа што првиот ден немаше доволно време, ги прочита само материјалите од службени преземените мерки веднаш по исчезнувањето на Тамара Калајџиева. Во наредните денови се запозна со сите полициски активности од кои досега не произлегоа позитивни резултати. Немаше никаква трага, ниту каков било сомнеж кои би ѝ дале друга насока на истрагата. А и да имаше некој пропуст, неискуството на Стефан секако не можеше да го препознае. Разгледувањето на досието за него беше учење лекција, патоказ по кој треба да ја води истрагата за секое наредно пријавување на исчезнато лице.

„Не секогаш нашата истрага може да има позитивен исход“, Стефан застана во одбрана на неговиот претходник.

„Ве разбирам инспекторе и до некаде се согласувам со Вас. Но не го оправдувам тоа што со текот на времето како да ја подзаборавивте мојата ќерка. Сите вие веќе се простивте од неа, ја погребавте...“, ја надвладеаја емоциите. Се сети дека можеби неоправдано го повиши тонот и го нападна младото момче.

„Јас не би се сложил со Вас. Сè уште не сме се откажавме од Вашата ќерка“, Стефан потстана и го отвори високиот метален шкаф. Од највисокиот рафт лесно го извади досието на Тамара Калајџиева. „Ова е доказ дека потрагата по Тамара не е престаната“, го спушти дебелото досие на малата маса пред Ружица.

Телото ѝ се растрепери кога го здогледа името и презимето на нејзината ќерка рачно запишани со црн маркер на предната обвивка на папката. Некое време зјапаше во него, но повеќе не можеше да издржи, па го тргна погледот од досието „Таа е жива!“ во солзи одмавнуваше со главата.

Стефан со жалење гледаше во неа. Единствено на што помисли е дека ѝ попуштиле нервите, ја совладал копнежот по ќерка ѝ.

„Таа е жива!“ овој пат му се обрати со повишен тон гледајќи го прави во очи, по што со десната дланка удри врз досието.

„И јас би сакал да ја пронајдеме жива“, тој продолжи гледајќи ја сожаливо.

„Вие не ми верувате?!“

Инспекторот беше затекнат, не знаеше како да изреагира во овој момент и со кои зборови да го смири бесот на растревожената мајка. Сè повеќе му се чинеше дека таа е полудена.

„Синоќа ми се јави“, овој пат му се обрати тивко.

„Кој?! Тамара?!“ не ѝ веруваше. „Од каде?“ ја праша од куртоазија, само колку да ја одржи смирена.

„Не знам. Вие треба да го дознаете тоа. Полицијата е таа што може да провери од кој телефонски број и од каде ми се јави.“

„Во колку часот Ви се јави? Знаете ли точно?“

„Да, околу 21:30 часот, на фиксниот телефон.“

Стефан одлучи да ризикува. „Сигурна ли сте дека тоа беше ќерка Ви?“

„Нормално. Сигурно можам да го препознаам гласот на ќерка ми. Или можеби мислите дека после шест месеци ѝ го заборавив гласот?!“

Беше задоволен што Ружица не избувна. „Имаше ли некој покрај Вас кога Ви се јави?“

„Не. А што е важно тоа?“ подналутено го праша.

Стефан не можеше да смисли одговор со кој би ѝ дал до знаење дека се сомнева во тоа што му го кажува.

„Морате да ми верувате! Мора да ми помогнете да ја пронајдам ќерка ми!“ Ружица беше очајна.

Стефан сè уште молчеше. Длабоко издишувајќи, седна на фотелјата. Избегнуваше да ја погледне Ружица во очи, не знаеше што да ѝ одговори.

Ружица ја препозна недовербата кај него. „Сигурно мислите дека сум полудела.“

„Не реков такво нешто, госпоѓо.“

„Тогаш, зошто не се зафатите со работа?!“

„Секако ќе го провериме ова што ми го кажавте.“

„Кога?!“ таа повторно избувна. „Времето минува. Можеби Тамара е во животна опасност. Сирота, одвај успеала да побегне и да ми се јави. Сигурно очекува да ѝ помогнеме. Ми звучеше исплашено, преморено. Не можев да издржам...“, се сети дека ако му каже дека се онесвестила, инспекторот нема да поверува во она што му го кажа досега.

Стефан зеде пенкало во рацете и откина едно ливче од малиот тефтер што беше пред него. „Ве молам, кажете ми го бројот на Вашиот фиксен телефон!“

„Инспекторе, тоа е истиот број којшто веќе го имам оставено за контакт овде во полициската станица.“

„Аха... верувам дека го имаме вашиот телефонски број“, се согласи со неа.

„И верувајте ми, ја кажувам вистината! Не сум луда, Тамара ми се јави.“

„Зошто веднаш не го пријавивте повикот?“

Ружица претпоставуваше дека инспекторот воопшто нема да ѝ поверува ако му каже дека нејзиниот сопруг ја спречил да се јави во полиција и да побара помош. Тој остана буден цела ноќ, убедувајќи ја дека халуцинира и дека ѝ е неопходна помош од психолог.

Стефан уште го чекаше одговорот. Накратко погледна во пенкалото што го држеше, а потоа погледот го насочи кон досието на коешто несреќната мајка се потпираше со десната рака, како да не сакаше повеќе да се гледаат личните податоци за нејзината ќерка во досие за исчезнато лице. За неа, од минатата вечер, Тамара повеќе не беше исчезната.

„Зошто веднаш не го пријавивте повикот?“ повторно ѝ го постави истото прашање, но овој пат тивко и сочувствително. Сфати дека со обвинителниот тон нема да постигне ништо.

Ружица го спушти погледот размислувајќи што да му одговори или дали воопшто да му одговори. Молчеше речиси цела минута. „Не знаев дали некој ќе ми поверува. Ни сопругот не ми поверува. А се плашев дека и во полицијата никој нема да ми поверува, се плашев да слушнам што ќе ми одговорат.“

А што да правам јас? Како да ти верувам јас, кога ни твојот сопруг не ти верува? Стефан потона во своите мисли. Несвесно и нервозно се исправи со рацете пикнати во џебовите на панталоните. Како по навика кога требаше итно да донесе одлука, гледаше кон таблата на ѕидот на којашто беа прикачени десетина црно-бели фотографии од стари полициски настани. Низ главата му се вртеа куп реторички прашања, но во моментов никој не можеше да ги одговори.

„Ќе го провериме повикот“, конечно ѝ одговори.

„Веднаш ли?“ го праша надевајќи се дека ќе добие позитивен одговор.

„Секако. Немаме време за губење. Како полиција, ние сме должни да ја провериме секоја добиена информација, а оваа е многу важна, се разбира дека треба веднаш да постапиме.“

Ружица задоволно кимна.

Стефан ја препозна нејзината благодарност, искра надеж ѝ светна во очите. Не смееше да си дозволи да ја разочара. Подобро ќе биде доколку таа го излаже него, отколку тој неа. Се наведна и полека ја подигна папката со досието. Ја погледна со блага насмевка, давајќи ѝ надеж. „Ако е вистина тоа што ми го кажавте, ќе направиме сè за да ја пронајдеме Тамара.“

„А, ако не е?“ го праша со глас што одвај се слушаше. Очите ѝ се замрачија од старата сенка на недоверба, таа што ја придружуваше веќе предолго време.

Стефан ја погледна, овој пат не толку со сожалување, туку со некоја невидлива бариера помеѓу нив. Сакаше да ѝ каже нешто утешно, но разумот го влечеше назад. Само се насмевна, но во тој израз немаше радост. „Како и да е, ќе ја продолжиме потрагата“, ѝ одговори само службено.

Таа го гледаше неколку секунди без да трепне. За миг како од него да исчезна штотуку создадената топлина и верба. Одеднаш тој стана огледало на празнина и рамнодушност. Погледот ѝ се стегна, влажните очни капаци како да престанаа да ѝ трепкаат. Ја обзеде студенило, целосно замрзна. Полека ја зеде чантата, се исправи, а потоа без да изусти збор, се сврти кон вратата. Разочарано и бавно ја напушти просторијата што одново ѝ заличи на полициската канцеларија од која никогаш не доби каква било вест за исчезнатата ќерка.

По заминувањето на загадочната странка, Стефан неколку секунди скаменето гледаше во вратата. Потоа повторно го отвори досието со наслов Тамара Калајџиева. На врвот на купот од документи стоеше фотографијата на младата девојка што му ги разбранува емоциите како никогаш порано. Костенливата коса, густа и прецизно зачешлана наназад зад ушите ѝ ги покриваше рамената. Лицето ѝ беше бледо, со нежно изразени јаболчици и тенки усни што се виткаа во дискретна насмевка.

Повеќепати досега ја имаше погледнато истата фотографија, истото нежно, но воедно смело лице. Со врвовите на прстите ја допре фотографијата, како да е нешто што не смее да се заборави. Неколку секунди само ја гледаше. Не знаеше дали да ѝ верува на Ружица, но знаеше дека отсега па натаму, поинаку ќе гледа на овој случај.

„И сестра ми ја баравме два дена. Мислевме дека избегала. А таа веќе била мртва. Лежела во шутот покрај патот кај месноста 'Црн Камен'. Ако не беше оној земјоделецот со кравите...“, повторно се присети на несреќниот случај од пред девет години во кој ја изгуби својата сестра.

„Никогаш не го пронајдоа тој што го возел моторот. Никој не го видел, никој ништо не знае. Баш како и во овој случај.“

4

Вратата нагло се отвори без тропање и тишината во канцеларијата веднаш се прекина. Началникот Дамјан влезе со сигурен чекор. Рацете му беа потпрени на половината, а изразот на лицето сериозен и решителен. Беше човек во раните педесетти, со сиви прамени уредно зачешлани наназад и остар поглед што ретко пропушташе нешто. Самото негово присуство го исполни просторот, а кога ќе проговореше, во гласот му се чувствуваше авторитет на кој малкумина му се спротивставуваа.

„Стефан, дојди веднаш кај мене!“ му се обрати директно, без излишни поздрави и си замина оставајќи ја вратата отворена.

Стефан послушно тргна кон канцеларијата на началникот. Тој беше навикнат на неизвесност во својата работа. Никогаш не приговараше за ништо, немо и истрајно го носеше бремето на полициската служба. Повикот на началникот му беше нејасен, но длабоко во неговиот ум се будеше свеста дека денот ќе донесе нови предизвици што ќе бараат свежа глава и цврста волја. Рацете ги држеше мирно, а прстите му беа испреплетени, обидувајќи се да го потисне немирот што тропаше во него, се плашеше дека новата задача ќе го оддалечи од најважното нешто што го имаше пред себе. Сѐ што сакаше во овој момент беше да ја провери информацијата што му ја даде Ружица – повикот од Тамара, можеби последната трага што водеше кон нејзината исчезната ќерка.

„Имам едно известување за тебе“, Дамјан го пречека седнат во масивната дрвена фотелја. Со бавен потег

ја поткрена шолјата со кафе и отпи една голтка. „Оди да се подготвиш! Ќе одиш на семинар во хотелот ‘Солидарност’.“

Во умот на Стефан се судрија спротивставени мисли, распалувајќи внатрешен конфликт што не му даваше мир. Ги сакаше обуките и семинарите, тие му даваа чувство на контрола, можност да научи нешто ново, да стане подобар во својата работа. Но денес, желбата да остане во канцеларијата и да ги продолжи проверките за повикот од Тамара ја измешаа неговата возбуда со тежината на одговорноста. Секој изгубен час можеше да значи изгубена можност и таа мисла го притискаше повеќе отколку што сакаше да признае.

Стефан благо ја крена главата и обидувајќи се да го скрие треперењето во себе, со стегнат глас изусти: „Разбирам началниче...“, гласот му затрепери за момент. „Но пред малку добив една важна информација, па сакав да ја проверам денес.“

Дамјан го погледна со студен, но прониклив поглед, покажувајќи дека одлуката е донесена и неизбежна.

„*Современи методи на истражување во случаи на исчезнати лица* е темата на семинарот. Треба да ги продлабочиш своите знаења на оваа тема, да осознаеш нови методи и техники кои подоцна ќе ги применуваш во нашата работа. Знаеш, присуството на семинарите е задолжително.“ Иако во најавата звучеше официјално и уверливо, на крајот, со потсмешлив тон додаде: „Несомнено, ефектот од обуката ќе биде минимален, речиси безначаен, но мора да одиш.“ И тој го делеше истото мислење како и повеќето вработени дека обуките организирани од невладините организации служат само за финансиски профит на организаторите и обучувачите отколку за вистинско знаење. Токму за таков вид на обука се работеше и овој пат, на која, покрај претставници од неколку полициски станици требаше да присуствуваат и вработени во други државни институции.

Потсмевот на началникот беше непрецизен, но доволен за да ја разбуди неговата скепса. Во умот на Стефан,